# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 23 декември 1994
Скопје
Број 67 Год. L

Претплатата за 1994 година изнесува 3.500 денари. Овој број чини 100 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

**1472.**

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 13 од Уставот на Република Македонија и член 14 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 63/94) Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 20 декември 1994 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Владата на Република Македонија е избран Бранко Црвенковски.

2. За министри кои ќе раководат со одделни министерства се избрани:

д-р Благој Ханџиски, за министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана,

д-р Љубомир Фрчковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи,

д-р Владо Поповски, за министер кој ќе раководи со Министерството за правда,

Стево Црвенковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи,

д-р Јане Миљовски, за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии,

Ристо Иванов, за министер кој ќе раководи со Министерството за стопанство,

д-р Беќир Жута, за министер кој ќе раководи со Министерството за развој,

Јорго Шундовски, за министер кој ќе раководи со Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина,

Димитар Бузлевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за сообраќај и врски,

д-р Иван Ангелов, за министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,

Иљјаз Сабриу, за министер кој ќе раководи со Министерството за труд и социјална политика,

д-р Емилија Симоска, за министер кој ќе раководи со Министерството за образование и физичка култура,

д-р Софија Тодорова, за министер кој ќе раководи со Министерството за наука,

Ешреф Алиу, за министер кој ќе раководи со Министерството за култура, и

д-р Илија Филипче, за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство.

3. За други членови на Владата, односно министри се избрани:

Ѓунер Исмаил,
Сашко Стефков,
д-р Љубе Трпески и
Мухамед Халили.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3434/1
20 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Собранието на
Република Македонија,
**Стојан Андов**, с. р.

**1473.**

Врз основа на член 43 и 44 од Законот за хартиите од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 5/93), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност, донесена на седницата одржана на 7.12.1994 година, Комисијата издава

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. На ИНВЕСТБАНКА АД – СКОПЈЕ и се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност – втора емисија на акции во вредност од 1.832.000 ДЕМ или во денарска противвредност по курсот на Народната банка на Република Македонија (курсна листа број 234), во износ од 47.872.962,00 денари.

2. Издавачот на долгорочните хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвидени со Законот и Одлуката за нивно издавање.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 01-60/1
7 декември 1994 година
Скопје

Претседател на Комисијата,
проф. д-р **Љубе Трпески**, с.р.

**1474.**

Врз основа на член 43 и 44 од Законот за хартиите од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 5/93), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност, донесена на седницата одржана на 7.12.1994 година, Комисијата издава

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. На СИЛЕКС БАНКА АД – СКОПЈЕ и се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност – трета емисија на акции во вредност од 20.000.000,00 денари.

2. Издавачот на долгорочните хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвидени со Законот и Одлуката за нивно издавање.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 01-62/1
7 декември 1994 година
Скопје

Претседател на Комисијата,
проф. д-р **Љубе Трпески**, с.р.

**1475.**

Врз основа на член 43 и 44 од Законот за хартиите од вредност („Службен весник на РМ" бр. 5/93), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност, донесена на седницата одржана на 14.11.1994 година, Комисијата издава

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВТОРА ЕМИСИЈА НА ОСНОВАЧКИ АКЦИИ

1. На „ТАБАК" А.Д. за осигурување - Скопје, се дава одобрение за издавање на втора емисија на основчки акции во вредност од 2.000.000 германски марки или 52.320.000,00 денари сметано по среден курс на Народната банка на Република Македонија на 15 ноември 1994 година.

2. Издавачот на долгорочните хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвидени со Законот и Одлуката за нивно издавање.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 01-58/94
14 ноември 1994 година
Скопје

Претседател на Комисијата,
проф. д-р **Љубе Трпески**, с.р.

**1476.**

Врз основа на член 43 и 44 од Законот за хартиите од вредност („Службен весник на РМ" бр. 5/93), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност, донесена на седницата одржана на 28.11.1994 година, Комисијата издава

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. На АД РАДОБАНК - СКОПЈЕ и се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност - трета емисија на акции во вредност од 36.000.000,00 денари.

2. Издавачот на долгорочните хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвидени со Законот и Одлуката за нивното издавање.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 01-54/94
28 ноември 1994 година
Скопје

Претседател на Комисијата,
проф. д-р **Љубе Трпески**, с.р.

**1477.**

Врз основа на член 43 и 44 од Законот за хартиите од вредност („Службен весник на РМ" бр. 5/93), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност, донесена на седницата одржана на 14.12.1994 година, Комисијата издава

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ДАВАЊЕ ОДБОРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. На БАЛКАНСКА БАНКА АД - Скопје ѝ се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност - Трета емисија на акции во вредност од 70,000.000,00 денари.

2. Издавачот на долгорочните хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и начинот предвидени со Законот и Одлуката за нивното издавање.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-60/94
14 декември 1994 година
Скопје

Претседател на Комисијата
проф. д-р **Љубе Трпески**, с. р.

**1478.**

Врз основа на член 80 став 4 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на СРМ" бр. 27 од 01.07.1986 година), донесувам

## РЕШЕНИЕ

Се прогласува и става во сила катастарскиот операт на недвижностите за катастарската општина Кленоец, во вкупна површина од 403 ха, 83 ари, 60 м$^2$.

Катастарскиот операт на недвижностите ќе се применува од 01.01.1995 година.

Од денот на применувањето на катастарскиот операт на недвижностите се става вон сила досегашниот катастарски операт на земјиштето за оваа катастарска општина.

Бр. 10-2646/1
21 декември 1994 година
Скопје

Зам. директор,
**Витомир Николоски**, с.р.

**1479.**

Врз основа на член 80 став 4 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на СРМ" бр. 27 од 01.07.1986 година), донесувам

## РЕШЕНИЕ

Се прогласува и става во сила катастарскиот операт на недвижностите за катастарската општина Иванчиште, во вкупна површина од 1624 ха, 01 ари, 43 м$^2$.

Катастарскиот операт на недвижностите ќе се применува од 01.01.1995 година.

Од денот на применувањето на катастарскиот операт на недвижностите се става вон сила досегашниот катастарски операт на земјиштето за оваа катастарска општина.

Бр. 10-2647/1
21 декември 1994 година
Скопје

Зам. директор,
**Витомир Николоски**, с.р.

**1480.**

Врз основа на член 80 став 4 од Зконот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на СРМ" бр. 27 од 01.07.1986 година), донесувам

## РЕШЕНИЕ

Се прогласува и става во сила катастарскиот операт на недвижностите за катастарската општина Ехловец, во вкупна површина од 3706 ха, 54 ари, 05 м$^2$.

Катастарскиот операт на недвижностите ќе се применува од 01.01.1995 година.

Од денот на применувањето на катастарскиот операт на недвижностите се става вон сила досегашниот катастарски операт на земјиштето за оваа катастарска општина.

Бр. 10-2648/1
21 декември 1994 година
Скопје

Зам. директор,
**Витомир Николоски**, с.р.

**1481.**

Врз основа на член 80 став 4 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на СРМ“ бр. 27 од 01.07.1986 година), донесувам

## РЕШЕНИЕ

Се прогласува и става во сила катастарскиот операт на недвижностите за катастарската општина Душегубица, во вкупна површина од 1910 ха, 25 ари, 23 м$^2$.

Катастарскиот операт на недвижностите ќе се применува од 01.01.1995 година.

Од денот на применувањето на катастарскиот операт на недвижностите се става вон сила досегашниот катастарски операт на земјиштето за оваа катастарска општина.

Бр. 10-2649/1
21 декември 1994 година
Скопје

Зам. директор,
**Витомир Николоски,** с.р.

**1482.**

Врз освнова на член 17 и член 69 точка 12 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“, бр. 26/92, 4/93 и 29/93), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата XXXIV-та седница одржана на 20.12.1994 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПОРАСТОТ НА ДЕНАРСКИТЕ ПЛАСМАНИ НА БАНКИТЕ И НА ШТЕДИЛНИЦИТЕ ВО I-ТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 1995 ГОДИНА

1. Банките и штедилниците можат да ги зголемат денарските пласмани одобрени на стопанските субјекти во општествена, приватна и мешовита сопственост и на граѓаните до 0,8% на 31 јануари 1995 година, до 1,4% на 28 февруари 1995 година и до 2,0% на 31 март 1995 година, кумулативно во однос на состојбата на тие пласмани на 31.12.1994 година.

Под состојба на денарските пласмани на банките и штедилниците на 31.12.1994 година во смисла на став 1 од оваа точка, се подразбира состојбата на тие пласмани на 31 јули 1994 година зголемена за можниот пораст на денарските пласмани до крајот на 1994 година, во согласност со стапките за нивен можен пораст во тој период утврдени од страна на Народната банка на Република Македонија со соодветни одлуки.

По исклучок од одредбите на став 1 од оваа точка обврската за ограничување на порастот на денарските пласмани нема да се однесува на порастот на пласманите на банките и штедилниците кој одговара на висината на нето остварениот ефективен пораст на основачкиот капитал на банката, односно штедилницата во I-то тримесечје од 1995 година во однос на неговата состојба на 31.12.1994 година.

2. Во рамките утврдени во точка 1 од оваа одлука, банките и штедилниците можат да пласираат средства кај 25-те претпријатија најголеми загубари утврдени со Заклучокот на Владата на Република Македонија од 12.04.1994 година, само во согласност со специјалната програма за нивно преструктуирање верифицирана од Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој.

По исклучок на одредбите од став 1 на оваа точка, банките и штедилниците можат да пласираат средства кај „Електростопанство на Македонија“ - Скопје и кај ЖТП - Скопје и без програма за реструктуирање на овие претпријатија, но со гаранција добиена од Владата на Република Македонија.

3. Под денарски пласмани во смисла на оваа одлука се подразбираат денарските пласмани утврдени во точка 2 од Одлуката за методологија на вкупните денарски побарувања на банките и штедилниците од стопанските субјекти во општествена, приватна и мешовита сопственост и од граѓаните („Службен весник на РМ“, бр. 35/94).

4. Заради следење и контрола на спроведувањето на одредбите на оваа одлука, банките и штедилниците ќе и доставуваат на Народна банка на Република Македонија извештаи за остварената состојба на денарските пласмани споредкнигoводствената состојба на тие пласмани на крајот на месецот во рокот предвиден за доставување на КЊ-БИФО (извештај за книговодствената состојба на сметките на банките и штедилниците).

5. Извештаите од точка 4 на оваа одлука банките и штедилниците ги доставуваат според Упатство што го пропишува гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник“ на Република Македонија“, а ќе се применува од 01.01.1995 година.

О. бр. 02-15/XXXIV-1/94
20 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
М-р **Борко Станоевски,** с. р.

**1483.**

Врз основа на член 15 и член 69 точка 11 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“, бр. 26/92, 4/93 и 29/93), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата XXXIV-та седница одржана на 20.12.1994 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЕСКОНТНАТА СТАПКА НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во точката 2 од Одлуката за есконтната стапка на Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 71/93, 73/93, 80/93, 4/94, 10/94, 17/94, 23/94, 28/94, 35/94, 40/94, 45/94, 52/94 и 63/94) зборовите „декември 1994“ се заменуваат со зборовите „јануари 1995“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ и ќе се применува од 01.01.1995 година.

О.бр.02-15/XXXIV-2/94
20 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
М-р **Борко Станоевски,** с.р.

**1484.**

Врз основа на член 128 од Законот за банки и штедилници („Службен весник на РМ“, бр. 31/93 и 78/93) и член 69 точка 29 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“, бр. 26/92, 4/93 и 29/93) Советот на Народна банка на Република Македонија на својата XXXIV-та седница, одржана на 20.12.1994 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОЦЕНКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА РАБОТЕЊЕТО НА БАНКИТЕ СО ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА БАНКИ И ШТЕДИЛНИЦИ

1. Со оваа одлука се утврдува документацијата која се поднесува и постапката со која се оценува усогласеноста на работењето на банките со одредбите од Зако-

нот за банки и штедилници (во натамошниот текст: Законот).

2. Кон барањето за оценка на усогласеноста на работењето со одредбите од Законот се доставува следната документација:

- доказ дека основачкиот влог во банката изнесува во парични средства најмалку 3.000.000 ДЕМ во денарска противвредност, односно 9.000.000 ДЕМ во денарска противвредност, ако банката бара да продолжи важноста на нејзиното овластување за работи на платниот промет и кредитирање со странство (член 7, а во врска со член 37 став 2 од Законот), со приложување на соодветни докази за уплата на паричните средства, како и докази за вложување на средства во непаричен облик;

- доказ за учество на поединечен основач во основачкиот влог со акции со право на управување со банката, односно добиена согласност од Народна банка на Република Македонија за стекнување со повеќе од 25% од акциите со право на управување на поединечен основач (член 18 точка 5 од Законот);

- статут на банката, усогласен со член 12 од Законот;

- доказ за усогласеноста на работењето на банката (член 20 до 35 од Законот);

- доказ за осигурување или друг вид гаранција на штедните влогови, како во однос на затечените штедни влогови во време на стапување на Законот во сила, така и во однос на новите штедни влогови, по влегување на Законот во сила, со приложување на полиса за осигурување, хипотека или гаранција од меѓубанкарска институција за осигурување на штедните влогови (член 44 од Законот);

- доказ за стручната оспособеност и непостоење на други законски пречки за работниците кои ќе раководат со банката, односно претходно добиена согласност за наименување на директор на банката од Народна банка на Република Македонија (член 53 од Законот);

- усогласеност на управувањето со банката (член 46-58 од Законот);

- доказ за начинот на организирање на внатрешната контрола во банката (член 65 од Законот).

3. Барањата за оценка на усогласеноста на работењето на банката се поднесуваат до Народна банка на Република Македонија, најдоцна до 28.05.1995 година.

4. Гувернерот одлучува по барањата од точка 4 од оваа одлука најдоцна во рок од 60 дена од приемот на комплетната документација во Народна банка на Република Македонија.

5. Без издадена согласност од страна на гувернерот на Народна банка на Република Македонија во смисла на оваа Одлука, се смета дека банките не го усогласиле своето работење со одредбите од Законот, што претставува основа за донесување на одлука за повлекување на дозволата за работа на банката која не го усогласила работењето со одредбите од Законот.

6. При примената на оваа одлука ќе се применуваат и одредбите на Одлуката за документацијата и постапката за оценка на барањата за издавање на дозволи и согласности според одредбите од Законот за банки и штедилници („Службен весник на РМ", бр. 29/94).

7. Некомплетната документација нема да се разгледува.

8. Против Одлуката на гувернерот на Народна банка на Република Македонија може да се изјави приговор во рок од 8 дена од приемот на истата до Советот на Народна банка на Република Македонија.

9. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О.бр. 02-15/XXXIV-3/94
20 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р Борко Станоевски, с.р.

---

**1485.**

Врз основа на чл. 16 став 3 од Законот за девизно работење („Сл. весник на Република Македонија" бр. 30/93) и член 69 став 1 точка 29 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Сл. весник на Република Македонија" бр. 26/92 и 29/93) Советот на Народната банка на Република Македонија на својата XXXIV седница одржана на 20.12.1994 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ НА КУПОПРОДАЖБА НА ДЕВИЗИ МЕЃУ ПРАВНИТЕ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Член 1

Во Одлуката за начинот и условите на купо-продажбата на девизи меѓу правните лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", бр. 30/93; 38/93; 58/93; 22/94 и 52/94) член 15 се менува и гласи:

„Дневната девизна позиција на овластените банки ги опфаќа расположивите девизни средства на денот што му претходи на денот на доставување на девизната позиција до Народната банка на Република Македонија, одливот на девизи за плаќање во странство, продажбата на девизи на граѓани и граѓански правни лица и нето намалувањето на девизното штедење на граѓаните.

Под расположиви девизни средства, во смисла на став 1 од овој член, се подразбираат: средствата на ефективните странски пари и странски чекови во касите на овластените банки и на пат-сопственост на банките, средствата на сметките на овластените банки во странство-сопственост на банките, депонираните девизни средства на неопределено време со отказен рок и орочените средства на определено време сопственост на банките, девизните средства на банките ангажирани за акредитиви и гаранции и нето девизните средства на девизните сметки кај другите банки и Народната банка на Република Македонија.

Под расположиви девизни средства, во смисла на став 1 на оваа точка, не се подразбираат: девизните средства на овластените банки депонирани на сметките во странство врз основа на ефективно зголемено девизно штедење, како и ефективните странски пари и странските чекови во касите на овластените банки по основ на девизно штедење на граѓаните, девизните средства на сметките во странство примени врз основа на користени странски кредити што во согласност со Законот за девизно работење се користат за плаќање во странство, девизните средства на сметките во странство отворени врз основа на меѓународни спогодби и посебни меѓубанкарски аранжмани склучени со согласност на Народната банка на Република Македонија, девизните средства на сметките во странство примени врз основа на користењето кредити од меѓународни финансиски организации, депонираните девизи на девизните сметки на комитентите на банката во согласност со член 7 став 3 од оваа Одлука, девизните средства на девизните сметки на странски лица, нераспоределени приливи до четири работни дена, купени девизни средства за сметка на Народна банка на Република Македонија

по основ на менувачко работење, девизните средства по член 90 од Законот за девизно работење и девизните средства на правните лица купени на девизниот пазар за плаќање на дознаки и акредитиви.

Овластените банки се должни да доставуваат извештаи за депонираните девизи на девизните сметки на комитентите и девизните сметки на странските лица во рокови, форма и содржина што ќе бидат пропишани од страна на Народна банка на Република Македонија".

Член 2

Составен дел на оваа одлука е образец број 1, со кој се заменува образецот број 1 од Одлуката за начинот и условите на купопродажбата на девизи помеѓу правните лица во РМ.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

О. бр. 02-15/XXXIV-5/94
20 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Борко Станоевски**, с.р.

**Образец бр.1**

**ВКУПНИ ДЕВИЗНИ СРЕДСТВА**
**Состојба на ден ——— година**

(во мил. САД долари по тековните курсеви)

| | | ДЕВИЗНА ПОЗИЦИЈА | | | | | | ДЕВИЗИ НАДВОР ОД ПОЗИЦИЈА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НАЗИВ НА БАНКАТА | ВКУПНО | Вкупно | Ефектива и чекови | Девизи на сметка 31000 | Орочени девизни средства | Девизни средства од банката ангажирани за акредитиви и гаранции | Девизи на сметката (311-7000) | Вкупно | Девизно штедење на граѓаните | Странски кредити | Депонирани девизи на девизни сметки на комитентите | Девизни сметки на странски лица | Нераспоредени девизни приливи до 4 работни дена | Купени средства за НБРМ | Девизни средства по член 90 од ЗДР (став 1, 2, 3) | Девизни средства на претпријатија купени на девизен пазар за плаќање на дознаки и акредитиви |
| | 1=2+8 | 2=3+4+5+6+7 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8=9+10+11+12+13+14+15+16 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |

1486.

Врз основа на член 69 став 1 точка 23 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", бр. 26/92; 4/93 и 29/93), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата XXXIV седница одржана на 20.12.1994 година донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЕДИНСТВЕНАТА ТАРИФА ПО КОЈА СЕ НАПЛАТУВААТ НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во одлуката за единствената тарифа по која се наплатуваат надоместоците за услугите што ги врши Народна банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", бр. 82/92, 68/93 и 28/94), се вршат следните измени и дополнувања:

- во точката 4, став 1 во Тарифата под I, а) во потточка 1 зборовите „2‰ (од илјада)" се заменуваат со зборовите „1,5% (од сто)" освен плаќањата кои се вршат според Законот за уредување на односите во врска со отплатата на користените кредити од меѓународни финансиски организации („Службен весник на Република Македонија", број 48/94),

- во точка 4, став 1 во Тарифата под VI после потточката 33.2 се додаваат нови потточки и тоа:

- 33.3 која гласи:

По барање на правни и физички лица НБРМ ги издава следниве документи и ги наплаќа следните надоместоци:

1. Потврда за движење на курсот на една валута за еден ден — 200 денари
2. Потврда за движење на курсот до три валути за еден ден — 300 денари
3. Потврда за движење на курсот над три валути за еден ден — 400 денари
4. Менувачка курсна листа за еден ден — 100 денари
5. Менувачка курсна листа за една недела — 400 денари
6. Менувачка курсна листа за еден месец — 1.500 денари
7. Индикативна курсна листа за еден ден — 100 денари
8. Индикативна курсна листа за една недела — 400 денари
9. Индикативна курсна листа за еден месец — 1.500 денари

10. Потврда за курсот на валути вон официјалната курсна листа — 500 денари

- 33.4, која гласи:

Провизија за извршена купо-продажба на девизи на девизниот пазар (куртажа) 3,3‰ (од илјада), а најмалку 300 денари

- 33.5, која гласи:

1. Провизија за разгледување на барање за издавање дозвола за основање на банка или штедилница — 50.000 денари
2. Провизија за разгледување на барање за издавање на дозвола за основање на филијала на странска банка — 30.000 денари
3. Провизија за издавање на согласност по член 18 точка 1 до 5 од Законот за банки и штедилници — 10.000 денари
4. Провизија за издавање на дозвола за вршење на работите по член 38 од Законот за банки и штедилници — 30.000 денари
5. Провизија за издавање на овластување за вршење на платен промет и кредитни односи со странство — 30.000 денари
6. Провизија за издавање на дозвола за вршење на девизно валутни работи — 10.000 денари
7. Провизија за издавање на решение за вршење на менувачки работи во свое име и за своја сметка и во име и за сметка на некоја банка — 15.000 денари

При повторено барање за издавање на дозволите и согласностите од оваа потточка, провизијата изнесува двојно од провизијата утврдена во претходниот став.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О. Бр. 02-15/XXXIV - 6/94
20 декември 1994 година
Скопје

Претседател на
Советот на Народната банка
на Република Македонија
Гувернер,
М-р. **Борко Станоевски**, с. р.

---

**1487.**

Врз основа на член 10 од Законот за Стопанската комора на Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90) и член 20 од Статутот на Стопанската комора на Македонија, Собранието на Комората, на седницата одржана на 14.12.1994 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

I

Основица за пресметување на придонесот за Стопанската комора на Македонија претставува бруто платата на вработените во стопанството.

II

Стапката за пресметување на придонесот за Комората за сите стопански субјекти се утврдува на 0,12%.

Средствата се уплатуваат при исплатата на платите на жиро сметката на Стопанската комора на Македонија 40100-849-37.

III

Стапката на придонесот за Стопанската комора на Македонија не учествува во формирањето на бруто основицата за пресметување на придонесите и даноците од платите.

IV

По исклучок од т. I до III на оваа одлука, основицата, стапката и начинот на плаќање на придонесот за задругите и другите форми на задружно организирање ги утврдува Задружниот сојуз на Македонија, а за сопствениците на дуќани и други стопански субјекти кои немаат својство на правно лице нивното здружение.

V

Се овластува Извршниот одбор на Комората, по потреба, да донесува одлуки во врска со примената на оваа одлука и за усогласување на нејзините одредби со законски и други прописи донесени по нејзиното влегување во сила.

VI

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува со исплатата на платите од месец јануари 1995 година.

Бр. 08-6453/5
14 декември 1994 година
Скопје

Претседавач,
**Јорго Кука**, с.р.

**1488.**

Врз основа на член 95 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на РМ" бр. 38/93), Управниот одбор на Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, на седницата одржана на 08.12.1994 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА АКЦИИ И УДЕЛИ СО КОИ РАСПОЛАГА АГЕНЦИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ

1. Со овој правилник се уредува начинот и постапката за продажба на акции и удели со кои располага Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (во натамошниот текст: Агенцијата).

2. Акциите и уделите со кои располага Агенцијата се продаваат на јавна продажба, по пат на јавно наддавање. Јавната продажба се одржува во просториите на Агенцијата, секој вторник (со претходна најава) со почеток во 10 часот.

3. Акциите и уделите се продаваат во лотови. Секој лот содржи одреден број на акции, односно удели кои ги определува Агенцијата.

4. Најмалку 7 (седум) дена пред денот на одржувањето на јавната продажба, Агенцијата ќе ја објави продажбата преку јавните гласила, телевизија, радио, непосредно известување на потенцијални купувачи, меѓународни информативни комуникации и сл.

5. При продажбата како купувачи може да се јават домашни и странски, физички и правни лица.

6. Акциите, односно уделите се плаќаат во: денари, девизни средства кои се водат како штеден влог во банките („замрзнати девизи") и со денари стекнати со продажба на ефективна конвертибилна странска валута.

7. Учесници во продажбата на акциите и уделите можат да бидат само овластени од Агенцијата деловни банки (преку овластени застапници) или брокери со стекната лиценца од Агенцијата, регистрирани како правни лица. Со посебен договор помеѓу Агенцијата и овластените учесници се регулира учеството во јавната продажба.

8. Учесниците во продажбата може да истапуваат во свое име и за своја сметка или во име и за сметка на своите клиенти.

9. Јавната продажба ја отвора и организира овластено лице од Агенцијата кој раководи со јавната продажба. Раководителот на продажбата го најавува претпријатието чии акци или удели се продаваат, бројот на акциите односно удели кои ги содржи еден лот, бројот на лотовите што се продаваат и почетната цена на една акција, односно удел.

Овластените учесници на јавната продажба, на раководителот на јавната продажба му ги поднесуваат своите налози за купување, со назначување на претпријатието и количината на акции односно удели за која се заинтересирани за купување. Раководителот врши сравнување на налозите за купување и продажба по почетната (понудена) цена на акциите или уделите, во случај кога побарувачката не ја надминува понудата. Доколку побарувачката ја надминува понудата, потенцијалните купувачи се упатуваат на извршување на своите налози по пат на јавно наддавање.

Раководителот на продажбата ја повторува секоја понуда 3 пати сè додека не се постигне највисока цена. Ако на јавното наддавање се јават повеќе купувачи под

исти услови за иста акција односно удел, предност има оној купувач кој прв ја понудил највисоката цена. Кога раководителот на продажбата ќе утврди дека е постигната највисока цена, утврдува дека е завршено јавното наддавање, потврдува кој е купувачот и го затвора јавното наддавање.

10. По завршување на јавното наддавање, но не подолго од еден час, сите трансакции се евидентираат во посебен регистар на извршени трансакции. За секоја склучена трансакција, раководителот на продажбата издава заклучница, која ја потпишуваат овластениот учесник (купувачот) и раководителот на продажбата. Врз основа на заклучницата се потпишува договор за извршена трансакција помеѓу Агенцијата и овластениот учесник најкасно за 2 дена од денот на извршувањето на трансакцијата.

11. Плаќањето по извршената трансакција ќе се изврши во рок од 2 дена од денот на потпишувањето на договорот. Овластениот учесник не може да учествува на јавното наддавање доколку не депонира во Агенцијата свои три непополнети акцептни налози, во корист на Агенцијата. Доколку овластениот учесник не ги исполни обврските кои произлегуваат од договорот, Агенцијата го наплатува побарувањето преку акцептните налози. Обезбедувањето на плаќањето подетално ќе се регулира во договорот.

12. Непродадените акции и удели од јавната продажба, се внесуваат во електронскиот систем за непрекинато тргување на Агенцијата. Преку електронскиот систем за непрекинато тргување, овластените учесници можат да учествуваат во купување на непродадените акции и удели, под услови (број и цена на акции) кои ќе ги утврди Агенцијата. Преку електронскиот систем може да се тргува во наредните 3 дена од денот на завршувањето на јавната продажба. Доколку и по истекот на тој период останат непродадени акции, Агенцијата организира ново јавно наддавање, под нови услови.

Начинот на користење и тргување преку електронскиот систем, како и техничките аспекти на поврзувањето на учесниците, ќе се регулира со посебно упатство на Агенцијата и преку посебен договор помеѓу Агенцијата и овластените учесници.

13. Наредниот ден од извршената јавна продажба и електронско тргување, Агенцијата ги објавува во јавноста претпријатието, бројот и цената на продадените акции.

14. Овластените учесници кои на јавната продажба ги застапуваат потенцијалните купувачи, се должни да ги заштитуваат интересите на купувачите со кои имаат склучено договори за застапување и да постапуваат според највисоки етички стандарди од својата струка при застапување на потенцијалните купувачи. Овие договори за застапување, овластените учесници ги доставуваат на увид во Агенцијата.

15. Доколку овластените учесници не постапуваат во согласност со одредбите на овој правилник, Агенцијата може да ги исклучи од учеството во јавната продажба. Одлуката за исклучување ја донесува директорот на Агенцијата.

16. Во рок од 5 дена од извршување на обврските од страна на овластениот учесник, Агенцијата е должна на купувачот на акции односно удели да му ја предаде целокупната документација со која се овозможува купувачот без пречки да се регистрира како сопственик на акции односно удели стекнати преку јавната продажба.

17. На јавната продажба може да присуствуваат и преставници на средствата за јавно информирање и граѓаните, во согласност со просторните и техничките можности и доколку не ги попречуваат овластените учесници во постапката на јавна продажба. Оние личности кои го попречуваат јавното наддавање, можат да бидат отстранети од просториите.

18. За решавање на сите спорови кои ќе се јават помеѓу Агенцијата, овластените учесници и купувачи во врска со јавната продажба, надлежен е судот во Скопје и се применуваат правните прописи кои се применуваат на територија на Република Македонија.

19. Овој правилник ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

8 декември 1994 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
д-р **Таки Фити**, с.р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Пред овој суд се води постапка за утврдување на право на сопственост по основ на договор на купопродажба на тужителот Мисим Алили од Скопје, ул. „Ордан Чопела“ бр. 73, Скопје, према тужената Бега Исмаили, со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 200.000,00 денари.

За привремен застапник на тужениот е поставен адвокат Наташа Огњановска од Скопје, со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на град Скопје, бр.0811-2115 од 19.IX.1994 година кој ќе го застапува тужениот до неговото јавување во судот.

Од Општинскиот суд Скопје I - Скопје, II П. бр. 2372/94. (436)

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред овој суд заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителот Кевсер Един од Скопје, ул. „Љуботенска“ бр. 7, застапувана од адвокат Драган Георгиев од Скопје, против тужениот Роберт Един од Скопје, ул. „Виничка“ бр. 36, а сега на привремена работа во Германија.

Се повикува тужениот Роберт Един да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата точна сегашна адреса на живеење. Доколку тужениот не се јави во рок од 30 дена, ќе биде застапуван од привремен старател.

Од Општинскиот суд Скопје II - Скопје, I П. бр. 3486/94. (437)

Пред Општинскиот суд Скопје II - Скопје заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителот Виолета Павловска од Скопје, ул. „Орце Николов“ бр. 150, против тужениот Павловски Злате со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот Павловски Злате да се јави во судот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот и да ја достави сегашната адреса на живеење. Во спротивно, ќе му биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје, II-Скопје, XI.П.бр.3495/94. (435)

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

**Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 10963/94, на регистарска влошка бр. 1-53238-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Производното трговско и услужно претпријатие „МАРАТОН“ Д.О.О. Експорт-Импорт с. Брвеница, Тетово.**

**Претпријатието е основано со акт од 9.IX.1994 година.**

Основач Тодоровски Стојан с. Брвеница, Тетово.

Дејности: 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 070111, 070112, 070113, 070114, 070119, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140,

издвојување од РО за основно образование и воспитување „11 Септември“ Н. Сол. О. со ООЗТ Кичево и конституирање во РО Централно основно училиште „Маршал Тито“ д.о. с. Стрелци-Кичево.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 8266/94. (11796/А)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 8267/94, на регистарска влошка бр. 1-53352-0-0-0, го запиша во судскиот регистар конституирањето на Р.О. Централно основно училиште „Маршал Тито“ ц.о. с. Стрелци, Кичево.

Дејност: 120111-основно образование од општ тип.

Во свое име и за своја сметка. Целосна одговорност.

Лице овластено за застапување во внатрешен промет е Кадриу Муса, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 8267/94. (11797

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 11463/94, на регистарска влошка бр. 1-53403-0-0-0, го запиша во судскиот регистар, основањето на Претпријатието за производство, услуги и трговија на големо и мало „Еса-Транс“ увоз-извоз ц.о., Скопје, с. Батинце бр. 228.

Основач: Изет Качапор с. Батинце бр. 228.

Дејности: 011527, 011941, 011949, 012142, 012310, 012321, 012322, 050302, 060501, 060502, 060503, 060601, 060602, 060609, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 080190, 080201, 080202, 090131, 090140, 090150, 110301, 110302, 110303, 110304, 110309, 11909, 030003 070310, 070320.

Претпријатието има својство на правно лице со права и обврски утврдени со законот.

Во правниот промет со трети лица претпријатието настапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет одговара со целиот свој имот.

Директор е Изет Качапор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 11463/94. (11798)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 10324/94, на регистарска влошка бр. 1-53218-0-0-0, го запиша во судскиот регистар, уписот на Претпријатието за производство, трговија и услуги „МАКИС“ ц.о. увоз-извоз ул. „Жарко Зрењанин“ бр. 111, Скопје, со акт бр. 1/94 од 25.VIII.1994 година.

Дејности: 013121, 013122, 013021, 060501, 060502, 060601, 060602, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 080121, 080122, 080129, 080190, 080201, 080202, 090121, 090171, 090201, 110109, 110309, 110905, 110909, 070310, 070320.

Во правниот промет со трети лица претпријатието има право во свое име и за своја сметка да истапува со неограничени овластувања.

За преземените обврски претпријатието одговара со целокупниот имот. Во внатрешно трговскиот промет претпријатието ќе го застапува директорот Тасева Добринка со неограничени овластувања.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 10324/94. (11799)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 11190/94, на регистарска влошка бр. 1-53364-0-0-0, го запиша во судскиот регистар, основањето на Претпријатието за изведување градежни работи и услуги во градежништвото градежна оператива „ЕФТИН ДОМ“ П.О. Кратово.

Седиштe на ул. „Гоце Делчев“ бр. 64.

Дејности: 050100, 050201, 050202, 050203, 050209, 050301, 050302, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260.

